Република Северна Македонија

# ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

03 - 418/2

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Ацо Стојановски од Скопје, генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] од 15.04.2024 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 15.04.2024 година, [redacted] до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-418/1 од 15.04.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

- **Сите списи во предметот 03-273 од 2024 година**
- **Да ми се достават сите документи кои се поврзани со овој предмет**
- **Записник од 353 – та седница на Инспекцискиот совет.**

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса (stojace@yahoo.com) и фотокопија по пошта .

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме:

- Копија од Информација за одбивање на Барање за издавање на лиценца на Ацо Стојановски, наш број 03-273/3 од 28.03.2024 година;
- Копија од Решение за одбивање за издавање на лиценца за инспектор, наш број 03-273/4 од 29.03.2024 година;
- Копија од Точка 3: Информација за одбивање на Барање за издавање на лиценца за инспектор на Ацо Стојановски број 03-273/1 од 04.03.2024 година – Област 3 од 353-та седница на Инспекцискиот совет, одржана на 28.03.2024 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор